| ЈКП „КОМУНАЛЕЦ“ Прилеп со Ц.О. | | | |
|---|---|---|---|
| Примено: | 21.10.2024 | | |
| Орг.ед. | Број | Прилог | Вредн. |
| 02 - | 1775/5 | | |

ЈКП КОМУНАЛЕЦ-ПРИЛЕП
„Питу Гули“ бр.2, 7500 Прилеп , Република Северна Македонија
тел.+389 (0)48 428 992 info@komunalecprilep.com.mk www.komunalecprilep.com.mk

ЈКП КОМУНАЛЕЦ - ПРИЛЕП

# П Р О Г Р А М А

## ЗА РАБОТА И ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА И КАПЕЛА

## за 2025 год.

**септември 2024**

# В О В Е Д :

Согласно Законот за гробишта и погребални услуги од 14.07.2008 год. Службен весник на Република Македонија бр.86, и согласно член 47 од Законот за гробишта и погребални услуги (86/08) , Општина Прилеп и ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп го усогласија своето работење согласно овој Закон.

Со овој закон се уредува начинот на определување, изградба, одржување, употреба и видови гробишта, управување со гробиштата, употреба на гробно место и гробница, условите и начинот на вршење на погребални услуги-Оператор,изградба на надгробни споменици – Каменорезач , како и надзор над спроведувањето на овој закон.

Согласно Законот :

,,Управител на гробишта ,, - Јавно претпријатие или друго правно лице кое врши работи на изградба , реконструкција , управување и одржување на гробиштата .

‘‘ Оператор ‘‘ - е физичко или правно лице кое врши работи на преземање на умреното лице од местото каде што починало , превезување до мртовечница , чување , опремување и превоз на умреното лице до местото на погреб , погребување или кремирање .

И ‘‘Каменорезачи ‘‘ физички или правни лица кои вршат работи на определено гробно место(изработка на комплетен споменик,обложување на оквир,монтирање на натписни плочи,монтирање на поклопни плочи, монтирање на слика, пишување на натпис ) , врз основа на предходно склучен договор со Раководителот на сектор гробишта и врз основа на пријавен и платен надоместок за работа согласнно Одлука за висината на надоместоците донесена од страна на Управен одбор и Советот на Општина Прилеп.

За таа цел изготвен е и Правилник за гробишта и погребални услуги од страна на ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп.

***Новите гробишта – Прилеп***, се наоѓаат на месноста викана Песиобрци, која се наоѓа во КО Варош, на КПбр. : 525, 526, 527, 528,529,530, 531, 532, 533, 534, 535, 536, 537, 539, 540, 541/1, 545 и 4595, за која е издаден ИЛбр. 5444. По податоците од овој ИЛбр. **5444** вкупната површина опфатена со сите овие КП изнесува **П = 295.542,00м$^2$**.

## Рекапитулација на површини по култура, КП и ИЛбр. 5444

| р.б. | ИЛбр. | КПбр. | Култура | површина [ м$^2$ ] | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 5444 | 531 | паркиралиште | 3693 | |
| 2 | 5444 | 526<br>530<br>535 | некатастарен пат<br>П = 500 + 1076 + 2931 = 4507,00м$^2$ | 4507 | |
| 3 | 5444 | 540<br>534<br>536<br>4595 | канали<br>П = 1548 + 478 + 451 + 2411 = 4888,00$^2$ | 4888 | |
| 4 | 5444 | 533<br>545<br>537<br>539 | гробишта<br>П = 8174 + 4346 + 6609 + 131879 = 151008,00м$^2$ | 151008 | |
| 5 | 5444 | 533<br>525<br>529<br>529 | земјиште под згради<br>П = 10 + 71 + 698 +182 = 961,00м$^2$ | 961 | 529 – капела = 698м$^2$ |
| 6 | 5444 | 528<br>528 | земјиште под помошни згради<br>П = 55 + 75 = 130,00м$^2$ | 130 | |
| 7 | 5444 | 532<br>527<br>525 | пасиште<br>П = 7568 + 5328 + 9607 = 22503,00м$^2$ | 22503 | |
| 8 | 5444 | 528<br>529 | нива<br>П = 625 + 11275 = 11900,00м$^2$ | 11900 | |
| 9 | 5444 | 541/1 | други вештачки неплодни земјишта<br>П = 95952,00м$^2$ | 95952 | |
| **В к у п н о :** | | | | **295.542,00м$^2$** | |

Од евиденцијата која ја води ЈКП,, Комуналец,, -Прилеп, извлечени се податоци за годините 2018 , 2019 , 2020 , 2021 , 2022 ,2023, и дел од 2024 год.

Врз основа на овие споредбени податоци по години , се прави и се планира инвестиција во инфраструктура и тоа отворање на нови гробни полиња за нови гробни места, односно израмнување на нова површина од просторот на Нови гробишта .

Во овие нови гробни полиња **нема изведено** асфалтирани или бекатон патеки, на истите треба да се спроведи водоводна мрежа ( спроведен е само дел на водоводна мрежа на А , Б , Ц , и Д поле и дел на новата типска Ц1 како и на М поле и дел на Е поле ) да се изврши асфалтирање или поплочување со бекатон плочки на патеките на постоечките гробни полина каде што сеуште нема дооформени патеки , да се изработат одводни канали , да се изработат дренажни канали и други потреби за доуредување на гробните полина.

Во 2025год. се предвидува оперативно да се сработат следниве позиции :

- Една нова типска парцела во Нови гробишта
- Две нови стандардни парцели во Нови гробишта
- Изведба на 4000м$^2$ патеки-тампонирани или бекатон ( зависно до финасиите)
- Асфалтирање на патеки 4000м2
- Засејување на 1500м$^2$ тревнати површини
- Засадување на 100 садници дрвја
- Поставување на контејнери за мешан отпад за селекција и корпи за отпадоци.
- Изведба на одводни канали - по потреба
- Изведба на дренажни канали за новото М поле
- Редовно одржување на градските гробишта( косење, метење, отстра-нување на отпад, кастрење дрвја, режење на хортикултура, отворање патеки во зимски услови, чистење снег )
- Изведба на техничка вода
- Изведба на питка вода
- Набавка на украсни корита
- Поставување на електрична мрежа за осветлување околу оградата и главната патека на Стари и Нови гробишта
- Чистење на депонии на Нови гробишта и на Стари гробишта

- Обновување на жичана ограда по обиколница на Нови гробишта
- Изградба на мостови преку канал и помошни влезови во Нови гробишта
- Изградба на нови или обновување на постоечките вц клозети во Нови и Стари гробишта

Секоја година се предвидуваат инвестиции во инфраструктура или набавка на основни средства и материјали во Старите и Нови градски гробишта, но поради недоволни финансиски средства ЈКП ,,Комуналец,, Прилеп ,не е во можност да ги реализира планираните инвестиции поради следното:

- Стара и дотраена механизација за тековно одржување на гробиштата
- Трошоците за одржување и сервисирање на потребите од страна на ЈКП '' КОМУНАЛЕЦ '' Прилеп за старите Градски гробишта , кои сеуште се во владение на '' Здружението за заштита и обнова на старите градски гробишта ''
- Зголемувањето на пазарната цена на потребните материјали за изработка и бетонирање на гробното место (железо,цименто,гранулат,нафта, електрична енергија, работна рака),
- зголемувањето на минималната плата како и други фактори кои дополнително ги зголемуваат тековните трошоци.

## НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ НА СТАРИ И НОВИ ГРОБИШТА

**Во секторот ГРОБИШТА бројот на ангажирани работници за извршување на работните задачи на СТАРИ И НОВИ ГРОБИШТА во 2024 год. закучно со месец август и потребниот број на извршители за 2025 год. е следен:**

| ред. бр. | СТАРИ ГРОБИШТА | Број на извршители | Потребен Број на извршители За 2025 год. |
|---|---|---|---|
| 1 | Стари гробишта | **14** | **23** |
| 2 | Ангажирани работници преку АВРСМ | **1** | **5** |
| 3 | Работници со договор на дело | **/** | **/** |
| 4 | Работници преку АПВМ | **/** | **/** |
| | ВКУПНО СТАРИ ГРОБИШТА: | **15** | **28** |

| ред. бр. | НОВИ ГРОБИШТА | Број на извршители | Потребен Број на извршители За 2025 год. |
|---|---|---|---|
| 2 | Нови гробишта | **28** | **35** |
| | Ангажирани работници преку АВРСМ | **1** | **2** |
| 5 | Работници со договор на дело | ***/*** | ***/*** |
| 6 | Работници преку АПВМ | **3** | **2** |
| **ВКУПНО НОВИ ГРОБИШТА :** | | **32** | **39** |

Прегледот на непосредни извршители е извлечен од бројот на постојаните вработени работници на неопределено време и ангажираните работници преку агенцијата за вработување и агенцијата за привремени вработувања , за извршување на работите и работните задачи на Старите и Нови градски гробишта и капелата.

Потребата од ангажирање на работници во СТАРИ и НОВИ ГРОБИШТА кои се предвидуваат да се ангажираат во 2025 год. е поради потребата од зголемениот обем на работа за одржување и чистење на гробните места по гробни полина , како и поради старосната структура на вработените работници кои го остваруваат правото за пензионирање .

Предвидените работни места се пополнуваат во зависност од потребите и финасиските средства на ЈКП '' КОМУНАЛЕЦ '' Прилеп согласно систематизацијата на работните места.

## ПРЕГЛЕД НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА

**ЈКП '' КОМУНАЛЕЦ'' – Прилеп моментално работи со веќе стари , дотраени и амортизирани основни средства со кои не можат да се задоволат потребите за извршување на работите задачи и поради тоа се налага потребата од ИТНА набавка на истите за потребите на СТАРИ и НОВИ ГРАДСКИ ГРОБИШТА.**

**Податоците за бројот на основи средства и опрема со кои што моментално располага ЈКП '' КОМУНАЛЕЦ'' – Прилеп и потребата од набавка на нови возила и опрема се дадени во следната табела :**

| реден број | Опис на возила и опрема | Ги има ЈКП "Комуналец" | Потребни нови возила и опрема |
|---|---|---|---|
| 1 | Трактор мал | / | 2 |
| 2 | Дампери | 1 | 2 |
| 3 | Мешалки за бетон Нови и Стари гробишта | 2 | 1 мала , 2 големи |
| 4 | Машини за косење (самоодни) | 2 | 2 |
| 5 | Грбни машини за косење | 6 | 6 |
| 6 | Трактор/ косилка | / | 1 |
| 7 | Пластично ве-це | / | 4 |
| 8 | Агрегат 2,5 kw | 1 | 2 |
| 9 | Моторна пила - кратка | 1 | 2 |
| 10 | Моторна пила - долга | 1 | 2 |
| 11 | Брусалица | 1 | 2 |
| 12 | Хилта голема | / | 2 |
| 13 | Компјутер | 1 | / |
| 14 | Дувалки за лисја грбни | / | 2 |
| 15 | Дувалки за лисја рачни | / | 2 |

Потребите на гробиштата од ; машини и опрема, отворање на нови полиња, уредувањето и чистењето , се предвидуваат најмногу од бројот на извршените погреби и бројот на извршени погреби во ново отворени гробни места на новоотворените гробни полина, што повлекува и зголемување на обемот на работа како и зголемување на трошоците за работа и одржување .

| ред. бр. | Г о д и н а | Стари гробишта | Нови гробишта | Вкупно погреби |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **2011 година** | 244 | 487 | **731** |
| 2 | **2012 година** | 243 | 469 | **712** |
| 3 | **2013 година** | 211 | 444 | **655** |
| 4 | **2014 година** | 241 | 494 | **735** |
| 5 | **2015 година** | 250 | 521 | **771** |
| 6 | **2016 година** | 233 | 528 | **761** |
| 7 | **2017 година** | 247 | 528 | **794** |
| 8 | **2018 година** | 251 | 552 | **803** |
| 9 | **2019 година** | 258 | 533 | **791** |
| 10 | **2020 година** | 318 | 691 | **1009** |
| 11 | **2021 година** | 328 | 726 | **1054** |
| 12 | **2022 година** | 254 | 573 | **827** |
| 13 | **2023 година** | 218 | 491 | **709** |
| 14 | **2024 година** | 149 (до 31-08-2024) | 353 (до 31-08-2024) | **502** |

Врз основа на споредбените податоци за годините : 2011 , 2012, 2013 , 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020,2021, 2022,2023 и дел од 2024 година заклучно со 31-08-2024 год., наведени во табелата за 2025 година се предвидува да се извршат 750 погреби.

**Пресметка на површина / квадратура по гробно место на Нови Градски гробишта :**

1. Гроб (ископ) Пг = 2,00 x 0,90 = 1,80м$^2$ Пг = 1,80,00м$^2$
2. Патека (обиколка околу гроб), лево и десно по 0,5м, горе 0,9м и долу 0,5м.

Пп = (0,9 x 1,9) + ( 1,9 x 0,5) + 2 (2,0 x 0,5) = 1,71 + 0,95 + 2,00 = 4,66м$^2$ Пп = 4,66,00м$^2$

Вкупна површина:

Пгм = (0,90 + 2,00 + 0,50) x (0,50 x 0,90 x 0,50) = 3,40 x 1,90 = 6,46м$^2$ ≈ Пгм = 6,50м$^2$

**Горе споменатата пресметка на површина/квадратура на гробно место во Нови Градски Гробишта , НЕ кореспондира со квадратурата на гробните места во**

**Стари Градски гробишта поради големината и местоположбата на гробните места , како и поради специфичноста на теренот .**

## РЕКАПИТУЛАЦИЈА
## На површина на ГМ по Гробни полиња

| р.б. | Гробно поле | Број на гробни места | површина на ГМ [м$^2$] | Вкупна површина [м$^2$] | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **А1** | 337 | 6,50 | = | 2190 | КПбр. 533 |
| | **А** | 3176 | 6,50 | = | 20644 | КПбр. 539 |
| | **Б** | 3080 | 6,50 | = | 20020 | КПбр. 539 |
| | **Ц1** | 364 | 6,50 | = | 2366 | КПбр. 539 |
| | **Ц** | 2487 | 6,50 | = | 16166 | КПбр. 539 |
| | **Д** | 2540 | 6,50 | = | 16510 | КПбр. 539 |
| | **Е** | 1721 | 6,50 | = | 11186 | КПбр. 541/1 |
| | **М** | 1410 | 6,50 | = | 9165 | КПбр. 541/1 |
| **Вкупно :** | | **15115** | 6,50 | = | **98247,00** | |

## РЕКАПИТУЛАЦИЈА
## површина на Гробни полина и патеки по Гробно Поле

| р.б. | Гробно поле | Број на гробни места | површина на ГМ [м$^2$] | Вкупна површина на ГМ [м$^2$] | Вкупна површина на патеки [м$^2$] | Вкупна површинана гробно поле [м$^2$] | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **А1** | **337** | 6,50 | 2198 | 1213 | 3411 | КПбр. 533 |
| | **А** | **3176** | 6,50 | 20644 | | | КПбр. 539 |
| | **Б** | **3080** | 6,50 | 20023 | | | КПбр. 539 |
| | **Ц1** | **364** | 6,50 | 2366 | | | КПбр. 533 |
| | **Ц** | **2487** | 6,50 | 16166 | | | КПбр. 539 |
| | **Д** | **2540** | 6,50 | 16513 | | | КПбр. 539 |
| | **Е** | **1721** | 6,50 | 11193 | | | КПбр. 541/1 |
| | **М** | 1410 | 6,50 | 9165 | | | КПбр. 541/1 |
| **Вкупно :** | | **15115** | 6,50 | **98247,00** | | | |

***Гробните места*** (**ГМ**) на Новите гробишта се распоредени со ***Гробни полиња*** (**ГП**) кои меѓу себе се поделени и испресечени со една главна – асфалтирана патека која ги разделува ГП : А1, А, Б, од ГП : Ц1, Ц, и Д.

Освен со главната асфалтирана патека, гробните полиња меѓу себе се испресечени со помали секундарни патеки, кои ги делат гробните полиња меѓу себе и со помали пешачки патеки посебно меѓу гробните полиња и гробните места кои не секаде се докрај дефинирани.

**Овде треба да се напомени дека во 2022 год. отворена е левата страна од гробното поле – М - во кое треба да се изработат помали секундарни патеки кои ќе ги одделуваат гробните парцели помеѓу себе.**
**Во 2024 година превземени се градежни активности во смисла на рамнење на земјената површина на новата гробна парцела- М со грејдер и универзален ровокопач .**

| РЕКАПИТУЛАЦИЈА<br>ПОВРШИНА НА СЕКУНДАРНИ ПАТЕКИ НИЗ ГРОБНИ ПОЛИЊА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ГП** | патеки хоризонтални [м'] | патеки вертикални [м'] | Вкупно патеки [м'] | ширина просек [м'] | Вкупно [м$^2$] |
| **А1-1/5** | 616 | 191 | **807** | 1,5 | **1211** |
| **Ц1-1/6** | 606 | 140 | **746** | 1,5 | **1119** |
| **А** | 4822 | 1236 | **6058** | 1,5 | **9087** |
| **Б** | 3826 | 1239 | **5065** | 1,5 | **7601** |
| **Ц** | 3954 | 1218 | **5172** | 1,5 | **7766** |
| **Д** | 3592 | 1015 | **4602** | 1,5 | **6903** |
| **Е** | 2842 | 994 | **3836** | 1,5 | **5755** |
| **М** | 1872 | 784 | **2656** | 1,5 | **3984** |
| | 22130 | 6817 | **28942** | 1,5 | **43426** |

## РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА КВАДРАТУРИ НА НОВИ ГРОБИШТА

| р.бр. | Култура | површина [м$^2$] | Намена |
|---|---|---|---|
| 1. | Паркиралиште | 3693 | службен влез |
| 2. | Некатастарен пат | 4507 | |
| 3. | Канали | 4888 | |
| 4. | Земјиште под зграда | 10 | стражара |
| 5. | Земјиште под зграда | 698 | капела |
| 6. | Земјиште под зграда | 253 | трпезарија |
| 7. | Помошни згради | 130 | канцеларии (стари) |
| 8. | Пасиште | 7568 | |
| 9. | Пасиште | 5328 | |
| 10. | Пасиште | 9607 | |
| 11. | Нива | 625 | |
| 12. | Нива | 11275 | |
| 13. | Други вештачки неплодни земјишта КПбр. 541/1 | 95952 | Е, М |
| 14. | Гробишта (КПбр. 533) | 8174 | А типски |
| 15. | Гробишта (КПбр. 545) | 4346 | празна парцела |
| 16. | Гробишта (КПбр. 537) | 6609 | празна парцела |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Гробишта (КПбр. 539) | 131879 | А, Б, Ц, Д, Ц типски |
| **В к у п н о** | | **295542м²** | |

**Вкупно земјиште на кое нема гробишта**

| р.бр. | Култура | површина [м²] | Намена |
|---|---|---|---|
| 1. | Паркиралиште | 3693 | |
| 2. | Некатастарен пат | 4507 | |
| 3. | Канали | 4888 | |
| 4. | Земјиште под згради | 1091 | |
| 5. | Пасишта | 22503 | |
| 6. | Ниви | 11900 | |
| **Вкупно земјиште на кое нема гробишта** | | **48.582 м²** | |
| | | | |

**Вкупно парцели на кои има гробишта**

| р.бр. | Култура | површина [м²] | Намена |
|---|---|---|---|
| 1. | Празни парцели предвидени за гробишта | 10.955 | |
| 2. | Парцели на кои се наоѓаат гробишта | 246.960 | |
| **Вкупно парцели на кои има гробишта** | | **246.960 м²** | |

**Вкупно искористен простор со ГМ и патеки**

| р.бр. | Култура | површина [м²] | Намена |
|---|---|---|---|
| 1. | Парцели исполнети со гробни места | 98.247 | 15.115 ГМ |
| 2. | Секундарни патеки помеѓу ГП | 43.426 | |
| **Вкупно искористен простор со ГМ и патеки** | | **141.673 м²** | |

| **РЕКАПИТУЛАЦИЈА<br>РАЗЛИКА ПОМЕЃУ ПРЕДВИДЕН ПРОСТОР ЗА ГМ И ИСКОРИСТЕН ПРОСТОР СО ГМ** | | | |
|---|---|---|---|
| **р.бр.** | **Култура** | **површина [м²]** | **Намена** |
| 1. | Вкупно парцели на кои има гробишта/предвидени | 246960 | 15115 ГМ |
| 2. | Вкупно искористен простор со ГМ и патеки | 141673 | |
| **Вкупно искористен простор со ГМ и патеки** | | **105287 м²** | **≈ 17000 ГМ** |
| **Процентуална искористеност на простор за ГМ** | | **≈ 57,37%** | |

Покрај Капелата на Новите градски гробишта се наоѓаат и други објекти кои се потребни за секојдневното функционирање на гробиштата.

Во 2022 година од страна на локалната самоуправа на Општина Прилеп со ОДЛУКА за давање на трајно користење на недвижен имот со КП 21466 запишан во имотен лист број 67600 издаден од Агенција за катастар на недвижности со број 1105-23813/2022 од 14-10-2022 год. дадено е на трајно користење објект КАПЕЛА на Стари Градски Гробишта Прилеп.Оваа ОДЛУКА е донесена на седница на Советот на Општина Прилеп одржана на 15-11-2022 година и објавена во Службен Гласник на Општина Прилеп број. 11 од 15-11-2022 год.

| РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА ПОВРШИНИ НА СТАРИ ГРОБИШТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **р.бр.** | **ИЛбр** | **КПбр.** | **Намена** | **површина м²** |
| 1 | 32570 | 21469 | Гробишта | 28.781,00 |
| 2 | 32570 | 21467 | Гробишта | 18.363,00 |
| 3 | 32570 | 21468 | некатастарен пат (главна патека – бекатон) | 588,00 |
| 4 | 32570 | 21466 | гробишта (нива – простор каде што е капелата) | 3.017,00 |
| 5 | 67600 | 21466 | Капела (изграден објект на простор од капелата) | 295,00 |
| **В к у п н о** | | | | **50.749,00** |
| 5 | 32570 | 21470 | Германски гробишта | 6.306,00 |
| **В к у п н о** | | | | **57.055,00** |

## КАПЕЛА НА НОВИТЕ ГРОБИШТА

## РАБОТА НА КАПЕЛА - НОВИ ГРАДСКИ ГРОБИШТА

ЈКП.,,Комуналец,, -Прилеп и Локалната самоуправа на Општина Прилеп почитувајќи ги законските прописи изградија капела на Новите градски гробишта во м.в.Песиобрдци во согласност со урбанистичките и санитарните прописи за изградба на објекти од ваков карактер.

Капелата работи од 10 октомври 2014 година.

Капелата на Новите градски гробишта се наоѓа на КПбр. 529 КО Варош и е со површина на основа во приземје Кпр = 698,00м$^2$ и истата е со спратност К = В + Пр или вкупна површина под кров Квк = 1396,00м$^2$.

Согласно новите законски прописи за задолжително капелско сместување во места каде што има изградено Капела , населението е должно покојните лица да ги сместува во капелата.

| Искористеност на капелско сместување | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр | година | Вкупно погреби | Капелско сместување | % |
| 1 | 2015 | 771 | 217 | 28,14 |
| 2 | 2016 | 761 | 263 | 34,56 |
| 3 | 2017 | 794 | 339 | 42,00 |
| 4 | 2018 | 803 | 394 | 49,07 |
| 5 | 2019 | 791 | 384 | 48,55 |
| 6 | 2020. | 1009 | 633 | 62,73 |
| 7 | 2021 | 1054 | 766 | 72,67 |
| 8 | 2022 | 827 | 571 | 69,05 |
| 9 | 2023 | 709 | 429 | 60,51 |
| 10 | 2024 | 502 (до 31-08-2024 год.) | 312 (до 31-08-2024 год.) | 62,15 |
| Вкупно | | 8021 | 4308 | **53,71** |

**Локалната самоуправа, (преку инспекторатот) и Комуналец, да воведат задолжително капелско сместување согласно законот.**

Населението ќе мора да ги прифати стандардите за време на погреб, а полека да се одбегнуваат навиките и традицијата.

Како Јавно комунално претпријатие, оставивме доволно простор населението да прифати сместување и изложување во Капела, а од Инспекторатот очекуваме да го спроведе Законот.

Времето (терминот) на погреб, времето на започнување и траење на користење на Капелата и ладилникот се определуваат од страна на Управителот.

Погребот и погребалните услуги се вршат од страна на Операторот на погребални услуги според редоследот, распоредот, капацитетот, слободното место и простор на Капелата и ладилникот за непреченото вршење на дејноста **согласно Правилник за работа** кој е донесен на седница и одобрен од страна на Управниот одбор при ЈКП,, Комуналец,, -Прилеп.

Операторорите на погребални услуги кои имаат важечки лиценци за погребални услуги својата дејност на гробиштата со кои управува ЈКП " КОМУНАЛЕЦ " Прилеп , ја вршат врз основа на склучен меѓусебен договор и врз основа на платен

надоместок според Одлука на УО на ЈКП " КОМУНАЛЕЦ " Прилеп , донесена со согласност на Советот на Општина Прилеп.

За погреб на починато лице операторот до управителот поднесува Барање за добивање Одобрение за погреб, кое содржи податоци на починатото лице со прилог документација издадена од овластено лице за констатирана смрт на починатото лице.

Операторот пријавувањето на погреб го врши во присуство на носителот на гробното место, односно лицето кое склучило-склучува Договор за доделување на употреба на гробно место или Договор за трансформација на статусот на старо гробно место во доделување на употреба со право на службеност.

Починатиот до мртовечницата се носи со специјално возило за таа намена од страна на операторот. Во Капелата се создадени сите можности за капење на починатиот, средување и облекување. Ова се прави по желба на семејството на починатиот. Починатиот се сместува во мортален ладилник за кој е предвидена цена од час. Изложувањето на починатиот во салата за погребални церемонии ќе се врши по барање на семејствотото на починатиот со време кое самите ќе го одредат, и со пресметан час на чинење од изложување пред погреб на починатиот.

За семејствата на починатиот во Капелата предвидени се две засебни простории за одмор, за две семејства, а ако се појави потреба од истовремено изложување на починатите, за кои се плаќа соодветен надоместок во Капелата, можат да се изведуваат четири погребални церемонии истовремено од христијанска вероисповест.

Сместувањето на починатиот во морталниот ладилник и изложувањето во капелата се врши согласно Договорот за доделување употреба на гробно место и добиеното одобрение за погреб.

Превозот на посмртните останки на починати лица до мртовечница со ладилник, односно влезот во градските гробишта, операторот го врши со специјално погребно возило регистрирано за таа намена. Превозот на починати лица од Капела до гробно место се врши со специјално погребно возило со поворка со технички карактеристики за споро возење.

Ископот на гробните места операторите го вршат со технички средства и соодветна ХТЗ опрема за лицата кои вршат погребални услуги. Операторот е должен по извршениот погреб да го врати гробното место во првобитна состојба.

Управителот се грижи за редот и чистотата во мртовечницата со ладилникот и помошните простории како и за просторот околу КАПЕЛАТА.

Операторите на погребални услуги и граѓаните се должни да го почитуваат и да се придржуваат на редот и чистотата во и околу објектите.

Организацијата и Правилникот за систематизација на работните места за работата во Капелата ја утврдува директорот на ЈКП,, Комуналец,, -Прилеп и Управителот, а се донесува со согласност од Министерството за информатчко општество, односно се одобрува од Управниот одбор.

Сето погоре, и многу работи кои се во надлежност на Управителот се содржани во Правилникот за работа кој е достапен за секој граѓанин .

## ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ ВО КАПЕЛА

| Преглед на непосредни извршители на Капела | | |
|---|---|---|
| 1 | Одговорен на капела | 1 |
| 2 | Хигиеничар | 1 |
| 3 | Сменски работници – капелари | 4 |
| **Вкупно капела :** | | **6** |

Бројот на вработени во Капела е прикажан и во вкупниот број на вработени во табеларниот приказ на вработени во гробиштата.

## ИНВЕСТИЦИЈА ВО КАПИТАЛНИ ОБЈЕКТИ

Години наназад планирани, а нереализирани се неколку инфраструктирни проекти ( изведба на бекатон патеки, асфалтирање, отворање ободни канали и др). Според моменталната финасиска сотојба од наплатата која се врши за одржување од гробно место, ЈКП,,Комуналец,,-Прилеп, нема доволно финасиски можности да инвестира во истите .

За таа цел Согласно Законот за гробишта и погребални услуги финансирањето на инфраструктурните проекти предвидено е во точка 6 од истиот закон во која се вели(цитирано):

ФИНАНСИРАЊЕ

Член 37

Финансирањето на изградбата, на реконструкцијата, како и управувањето и одржување на гробиштата се обезбедува од:

1. Надоместок за одржување на гробиштата- гробарина;

2. Надоместок за пристап и користење на гробишна инфраструктура (мртовечница, ладилник и други инфраструктурни објекти) од операторите на погребални услуги и каменорезачи;

3.Надоместок за доделување на употреба на гробно место;

4. Средства од буџетот на општината, средства од општините во градот Скопје, односно средства од градот Скопје

и

5. кредити, **донации** и друго.

Трошоците со планот за програмата за работа за 2025 год ќе се зголемат и за обврските кои ЈКП '' КОМУНАЛЕЦ '' Прилеп ги има кон вработените за исплата на плата , надоместоците на плата , за отпремнина за пензионирање , јубилејна награда , исплата на регрес за годишен одмор и новогодишен надоместок како и за трошоците за капелата во Стари Гробишта која е дадена во сопственост на ЈКП '' КОМУНАЛЕЦ '' Прилеп согласно донесената ОДЛУКА од страна на ЕЛС Општина Прилеп.

За реализација на **ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ЗА 2025 ГОДИНА** потребно е да се превземат соодветни мерки и чекори како од страна на ЈКП '' КОМУНАЛЕЦ '' – Прилеп како управител на гробиштата така и од страна на локалната самоуправа на Општина Прилеп.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното во оваа **ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2025 ГОДИНА** би сакале да иницираме покренување на иницијатива за искористување на средствата со кои располага Здружението за заштита на Старите градски гробишта за вложување во инфраструктурните проекти на Старите градски гробишта предвидени за 2025 год.

Ова е од причина што ЈКП '' КОМУНАЛЕЦ '' Прилеп не раководи и не стопанисува со Старите Градски гробишта ,туку само го врши одржувањето на истите , чистење на истите, одржување и сервисирање на капелата што ќе претставува голем дополнителен трошок на ЈКП '' КОМУНАЛЕЦ '' Прилеп после пуштањето во употреба на КАПЕЛАТА во Стари Градски Гробишта .

Се надеваме дека истата ќе наиде на разбирање од страна на Советот на Општина Прилеп како и од страна на Здружението за заштита на Старите градски гробишта

- раководител на СЕКТОР ГРОБИШТА
  Виолета Петреска ----------
- помошник раководител на СЕКТОР ГРОБИШТА
  Венета Јованоска ----------

Прилеп

Септември 2024 год.

М.П

ЈКП,, Комуналец,, -Прилеп

директор